РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12 - 4537/4
24 -12- 2021

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, на 57-та седница одржана на 21.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-1148/1 од 08.03.2019 година оформен по сопствена иницијатива на ДКСК (допрен глас).

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-1148/1 од 08.03.2019 година поради променета фактичка состојба.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи согласно членот 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ) врз основа на добиени сознанија од медиуми (по допрен глас) и доставени пријави од непознати подносители ДКСК оформи предмет по сопствена иницијатива во врска со потпишани Укази за унапредувања и именувања на лица во АРСМ од страна на Претседателот на Р.Северна Македонија проф. д-р Ѓорге Иванов за време на изборниот период, објавени во "Службен весник на РСМ" на ден 26.02.2019 г., поради постоење на сомневање за непочитување на забраните утврдени во членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барања за прибирање информации до Кабинетот на Претседателот на Р. Северна Македонија, проф. д-р Ѓорге Иванов со број 12-1148/2 од 08.03.2019 г. и до Министерството за одбрана на Р. Северна Македонија со број 12-1148/3 од 08.03.2019 г., со кои побара од двете институции да достават целосни информации во врска со сомневањата поврзани со конкретниот случај. Во рамките на законски утврдениот рок од ставот 3 на членот 23 од ЗСКСИ, односно во рок од 15 дена од приемот на барањата, двете институции доставија одговори - произнесувања во однос на сомневањата поврзани со конкретниот случај. Одговорот – произнесувањето на Министерството за одбрана до ДКСК беше доставено како информација со степен на класификација "ДОВЕРЛИВО" со напомена дека информацијата може да се користи само од страна на барателот - ДКСК.

ДКСК, по разгледување на сознанијата од медиумите и добиените одговори од Кабинетот на Претседателот на Р. Северна Македонија и од Министерството за одбрана, ги утврди сите релевантни факти и докази кои се однесуваат на постоење индиција – сомневање за прекршување на одредбата од членот 8-а став 1 алинеа 2 од Изборниот законик и констатира фактичка состојба. Како резултат на тоа, врз основа на член 22 став 1 и член 33 став 2 и 7 од ЗСКСИ, на 11-тата седница одржана на 24 април 2019 година ДКСК донесе Одлука со број 12-1148/5 од 02.05.2019 година, во која утврди дека сомневањата дека со потпишување на